МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

# ЗАПИСНИК

**од 53 (педесет и трета) редовна седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 08 октомври 2024 година (вторник)**

Педесет и трета седница на Советот на Општина Карпош се одржа на 08 октомври 2024 година (вторник), со почеток во 09.41 часот, во просториите на Универзитетот за туризам и менаџмент.

Врз основа на евиденцијата, на почетокот Претседателот на Советот утврди дека на седницата присуствуваат 22 членови на Советот, според што Советот може да работи и полноправно да одлучува.

На седницата присуствуваа следните членови на Советот: Добрила Андоновска, Зоран Краљевски, Предраг Станковски, Убавица Игнатоска, Адријана Јакимовска Панчевска, Александар Илиески, Христо Саракинов, Виолета Куновска, Владимир Бислимовски, Марин Докузовски, Гордана Ивановски Велковска, Мартин Димоски, Бранко Ристов, Ивана Петковска, Славко Митевски, Татјана Стојановска, Давор Грче, Јахји Мемедов, Александра Антевска, Наталија Спировска и Благица Цветановска.

Отсутни беа Дејан Лазаревски и Невена Георгиевска членови на Советот на Општина Карпош.

На 53. седница на Советот присуствуваа раководителите на секторите и одделенијата во Општината, со цел да ги образложат предложените акти, доколку за тоа се јави потреба.

На 53. седница присуствуваше и Градоначалникот на Општина Карпош Стевчо Јакимовски.

Претседателот на Советот, согласно член 39 од Законот за локална самоуправа, член 16 од Статутот на Општина Карпош и член 59 од Деловникот на Советот на Општина Карпош ја отвори 53. седница на Советот на Општина Карпош по што се интонираше химната на Република Северна Македонија.

За работа на Советот на оваа седница Претседателот на Советот го предложи следниот:

## ПРЕДЛОГ ДНЕВЕН РЕД:

1. Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на екологија и енергетска ефикасност за 2024 година,
2. Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на територијата на Општина Карпош за 2024 година,
3. Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на културата за 2024 година,
4. Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на спортот за 2024 година,
5. Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на детска, социјална и здравствена заштита за 2024 година,
6. Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на образованието за 2024 година
7. Предлог-Програма за изменување на Програмата за одбележување на 48-годишнината од формирањето на Општина Карпош
8. Предлог-Правилник за изменување на Правилникот за условите, критериумите, видот и начинот на финансиска поддршка за поправка и санација на кровни покривачи на станбени згради за колективното домување и замена на азбестни кровни покривачи на индивидуални станбени објекти (куќи) во Општина Карпош за 2024 година
9. Предлог- Правилник за изменување на Правилникот за условите, критериумите, видот и начинот на финансиска поддршка за поправка и санација на постоечки лифтови и поставување нови лифтови на станбени згради за колективното домување во Општина Карпош за 2024 година

10. Предлог-Буџет за изменување и дополнување на Буџетот на Општина Карпош за 2024 година
11. Предлог-Мислење на Програмата за изведување на ученички екскурзии и други ученички активности во ООУ „Вера Циривири Трена “, Општина Карпош-Скопје за 2024/2025 година
12. Предлог-Мислење на Програмата за изведување на ученички екскурзии и други ученички активности во ООУ „Владо Тасевски“, Општина Карпош-Скопје за 2024/2025 година
13. Предлог-Мислење на Програмата за изведување на ученички екскурзии и други ученички активности во ООУ „Војдан Чернодрински“, Општина Карпош-Скопје за 2024/2025 година
14. Предлог-Мислење на Програмата за изведување на ученички екскурзии и други ученички активности во ООУ „Јан Амос Коменски“, Општина Карпош-Скопје за 2024/2025 година
15. Предлог-Мислење на Програмата за изведување на ученички екскурзии и други ученички активности во ООУ „Лазо Трповски“, Општина Карпош-Скопје за 2024/2025 година
16. Предлог-Одлука за давање согласност на одлуката за утврдување на цената на услугите за престој во ЈУОДГ „Мајски Цвет“ Општина Карпош Скопје
17. Предлог-Одлука за давање согласност на одлуката за утврдување на цената на услугите за престој во ЈУОДГ „Орце Николов“ Општина Карпош Скопје
18. Предлог-Одлука за давање согласност на одлуката за утврдување на цената на услугите за престој во ЈУОДГ „Пролет“ Општина Карпош Скопје
19. Предлог-Одлука за давање согласност на одлуката за утврдување на цената на услугите за престој во ЈУОДГ „Распеана Младост“ Општина Карпош Скопје
20. Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства на ученик за освоен златен медал на меѓународна математичка олимпијада „КОПЕРНИКУС“, во Њујорк, на Колумбија универзитет
21. Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства на наставник ментор за освоен златен медал на меѓународна математичка олимпијада „КОПЕРНИКУС“, во Њујорк, на Колумбија универзитет

Зема збор член на Советот Татјана Стојановска која изјави дека нема одговор на поставените советнички прашања кои според деловникот за работа на

Советот треба веќе да и бидат одговорени. Советничките прашања се поставуваат за да бидат одговорени за да имаат членовите на Совет одговори односно информации за засегатите граѓани кои чекаат одговор. Исто така, процедурално изјави дека не присуствувала на комисиите, добила информација дека некои средства се барале од пензионерско друштво и ги замолува службите во образложение на програмите да и ја потенцираат таа ставка за каде се однесува.

Претседателот на Совет зема збор пред да отвори расправа по предложениот Дневен ред со предлозите за работа на 53. седница на Советот на Општина Карпош, потенцирајќи при гласање членовите на Советот подолго да ги држат рацете бидејќи се промени салата и во потесен простор потешко се брои.
Последните две точки од дневниот ред на предлог на предлагачот се повлекуваат: Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства на ученик за освоен златен медал на меѓународна математичка олимпијада „КОПЕРНИКУС“, во Њујорк, на Колумбија универзитет и Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства на наставник ментор за освоен златен медал на меѓународна математичка олимпијада „КОПЕРНИКУС“, во Њујорк, на Колумбија универзитет, да се доработат технички со претпоставка дека ќе се најдат како точки на дневен ред на следната седница.

На седницата се приклучи и Невена Георгиевска член на Советот на Општина Карпош, со што службите констатираа 22. присутни членови на Советот.

Претседателот на Совет отвори расправа по дневниот ред.

Бидејќи никој не се јави за збор, Претседателот на Совет го затвори претресот и дневниот ред со 19. точки го стави на гласање.

По спроведеното гласање со 21 гласа ЗА, нема ПРОТИВ и нема ВОЗДРЖАНИ, е усвоен дневниот ред од 53. седница на Советот на Општина Карпош.

ДНЕВЕН РЕД

1. Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на екологија и енергетска ефикасност за 2024 година,
2. Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на територијата на Општина Карпош за 2024 година,
3. Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на културата за 2024 година,
4. Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на спортот за 2024 година,
5. Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на детска, социјална и здравствена заштита за 2024 година,
6. Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на образованието за 2024 година
7. Предлог-Програма за изменување на Програмата за одбележување на 48-годишнината од формирањето на Општина Карпош
8. Предлог-Правилник за изменување на Правилникот за условите, критериумите, видот и начинот на финансиска поддршка за поправка и санација на кровни покривачи на станбени згради за колективното домување и замена на азбестни кровни покривачи на индивидуални станбени објекти (куќи) во Општина Карпош за 2024 година
9. Предлог- Правилник за изменување на Правилникот за условите, критериумите, видот и начинот на финансиска поддршка за поправка и санација на постоечки лифтови и поставување нови лифтови на станбени згради за колективното домување во Општина Карпош за 2024 година
10. Предлог-Буџет за изменување и дополнување на Буџетот на Општина Карпош за 2024 година
11. Предлог-Мислење на Програмата за изведување на ученички екскурзии и други ученички активности во ООУ „Вера Циривири Трена “, Општина Карпош-Скопје за 2024/2025 година
12. Предлог-Мислење на Програмата за изведување на ученички екскурзии

и други ученички активности во ООУ „Владо Тасевски“, Општина Карпош-Скопје за 2024/2025 година

13. Предлог-Мислење на Програмата за изведување на ученички екскурзии и други ученички активности во ООУ „Војдан Чернодрински“, Општина Карпош-Скопје за 2024/2025 година
14. Предлог-Мислење на Програмата за изведување на ученички екскурзии и други ученички активности во ООУ „Јан Амос Коменски“, Општина Карпош-Скопје за 2024/2025 година
15. Предлог-Мислење на Програмата за изведување на ученички екскурзии и други ученички активности во ООУ „Лазо Трповски“, Општина Карпош-Скопје за 2024/2025 година
16. Предлог-Одлука за давање согласност на одлуката за утврдување на цената на услугите за престој во ЈУОДГ „Мајски Цвет“ Општина Карпош Скопје
17. Предлог-Одлука за давање согласност на одлуката за утврдување на цената на услугите за престој во ЈУОДГ „Орце Николов“ Општина Карпош Скопје
18. Предлог-Одлука за давање согласност на одлуката за утврдување на цената на услугите за престој во ЈУОДГ „Пролет“ Општина Карпош Скопје
19. Предлог-Одлука за давање согласност на одлуката за утврдување на цената на услугите за престој во ЈУОДГ „Распеана Младост“ Општина Карпош Скопје

Зема збор член на Советот Благица Цветановска која соопшти дека до Државен инспекторат за локална самоуправа имаат испратено претставка во однос на Предлог - Изменување и допонување на Програмата за урбанистичко планирање за 2024 година. Постави прашање дали е извршен вонреден инспекциски надозор од страна на Државниот инспекторат и дали има некаков заклучок по однос на претставката.

Од службите одговорија дека во просториите на Општина Карпош е извршен вонреден инспекциски надозор, но сеуште не е доставена одлука по извршениот надозор. По добивање на одлука, веднаш ќе бидат известени сите членови на Советот.

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

Пред да се разгледуваат точките од дневниот ред, Претседателот на Совет го повика Славко Митевски - член на Советот и претседател на Комисијата за Прописи да даде извештај од одржаната комисија.

Претседателот на комисијата за Прописи Славко Митевски даде извештај дека на 04.10.2024 година се одржала 40. седница на комисијата.
На дневен ред бил записникот од 39 седница на Комисиата како и сите точки од дневниот ред за 53. седница на Општина Карпош. Комисијата констатирала дека сите точки од дневниот ред се во согласност со Законот за локална самоуправа и му предложува на Советот да ги разгледува и одлучува по истите.

Претседателот на Советот, повторно го повикува Славко Митевски во својство на Претседавач на Комисијата за екологија и енергетска ефикасност, да даде извештај од одржаната седница на комисијата.

Претседавачот на Комисијата за екологија и енергетска ефикасност Славко Митевски даде извештај дека на ден 04.10.2024 година, се одржала 23. седница на комисијата. На дневен ред бил записникот од 20. седница на комисијата и единствена точка Предлог - Програма за изменување и дополнување на програмата за екологија и енергетска ефикасност. Комисијата едногласно ги усвоила записникот и точката од дневниот ред, со што му ги предложува на Советот да ги разгледува и одлучува по истите.

1. **Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на екологија и енергетска ефикасност за 2024 година**

Претседателот на Совет, отвори расправа по првата точка од дневниот ред.

Бидејќи никој не се јави за збор, Претседателот на Совет го затвори претресот и предлог - точката ја стави на гласање.

По спроведеното гласање со 15 гласа ЗА, нема ПРОТИВ и нема ВОЗДРЖАНИ, е усвоена Предлог - Програмата за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на екологија и енергетска ефикасност за 2024 година.

2. **Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на територијата на Општина Карпош за 2024 година,**

Претседателот на Совет, отвори расправа предлог точката од дневниот ред и воедно ја повика Адријана Јакимовска Панчевска претседавач на Комисијата за комунални работи и сообраќај да даде извештај од седницата на комисијата.

Претседавачот на Комисијата за комунални работи и сообраќај Адријана Јакимовска Панчевска, даде извештај дека на ден 07.10.2024 година се одржала 24. седница на комисијата. На дневен ред биле следните точки - Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на територијата на Општина Карпош за 2024 година, Предлог - Правилник за изменување на Правилникот за условите, критериумите, видот и начинот на финансиска поддршка за поправка и санација на кровни покривачи на станбени згради за колективното домување и замена на азбестни кровни покривачи на индивидуални станбени објекти (куќи) во Општина Карпош за 2024 година и Предлог - Правилник за изменување на Правилникот за условите, критериумите, видот и начинот на финансиска поддршка за поправка и санација на постоечки лифтови и поставување нови лифтови на станбени згради за колективното домување во Општина Карпош за 2024 година. Комисијата му предложува на Советот да одлучува по истите со една забелешка во Правилниците нема потреба да стои сума, сето тоа е предвидено во самата програма. Во иднина таа ставка од Правилниците да биде избришана бидејќи е непотребна.

Од службите земаа збор со прифаќање на забелешката што се однесува на ставката со суми во Правилниците, со констатација дека за 2025 година Правилниците ќе бидат корегирани односно изработени без суми.

Членот на Советот Адријана Јакимовска Панчевска во својство на Претседател на Комисијата за финансии и локален економски развој, даде извештај од 38 седница на комисијата. На комисијата се разгледувале следните точки:

Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на екологија и енергетска ефикасност за 2024 година, Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на територијата на Општина Карпош за 2024 година, Предлог - Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на културата за 2024 година, Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на спортот за 2024 година, Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на детска, социјална и здравствена заштита за 2024 година, Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на образованието за 2024 година Предлог-Програма за изменување на Програмата за одбележување на 48-годишнината од формирањето на Општина Карпош, Предлог - Програма за изменување и дополнување на програмата за уредување на градежно земјиште за 2024 година,-Правилник за изменување на Правилникот за условите, критериумите, видот и начинот на финансиска поддршка за поправка и санација на кровни покривачи на станбени згради за колективното домување и замена на азбестни кровни покривачи на индивидуални станбени објекти (куќи) во Општина Карпош за 2024 година, Предлог- Правилник за изменување на Правилникот за условите, критериумите, видот и начинот на финансиска поддршка за поправка и санација на постоечки лифтови и поставување нови лифтови на станбени згради за колективното домување во Општина Карпош за 2024 година, Предлог - Буџет за изменување и дополнување на Буџетот на Општина Карпош за 2024 година, Предлог - Одлука за давање согласност на одлуката за утврдување на цената на услугите за престој во ЈУОДГ „Мајски Цвет“ Општина Карпош Скопје, Предлог-Одлука за давање согласност на одлуката за утврдување на цената на услугите за престој во ЈУОДГ „Орце Николов“ Општина Карпош Скопје, Предлог-Одлука за давање согласност на одлуката за утврдување на цената на услугите за престој во ЈУОДГ „Пролет“ Општина Карпош Скопје, Предлог-Одлука за давање согласност на одлуката за утврдување на цената на услугите за престој во ЈУОДГ „Распеана Младост“ Општина Карпош Скопје. Комисијата им ги доставува на Советот точките на разгледување и одлучување по истите.

Мирјана Ѓоргиевска - раководител на Секторот за финансии зема збор и посочи дека во оваа програма ќе има измена, односно ќе се надополни финансиската рамка со дополнителни милион ипол денари.

Зема збор Градоначалникот кој посочи дека за патот кој треба да се направи во Жданец, каде што се ниви и граѓаните не можат да си дојдат до своите домови, потребни се четири ипол милиони денари за експопријација на тој пат. Во програмата се предвидени три милиони денари, но добиле информација дека ќе бидат потребни четири ипол милиони денари, така што предлог измената на програмата ќе се измени и ќе се додадат плус тие милион ипол денари кои се потребни. Се предложува на Советот да гласаат со последната измена на програмата (вкучувајќи  плус милион ипол денари). Не е внесено текстуално во програмата, бидејќи на денот на седницата добиле информација колку ќе чини експропријацијата.

Членот на Советот Татјана Стојановска сугерираше дека во материјалите, сите предлог - измени на програми имаат издвоено кои се измените, а предлог - измената на програмата за уредување на градежно земјиште е општа и не можат да се воочат измените.

Мирјана Ѓоргиевска - раководител на Секторот за финансии, одговори дека минатата седница се направени измени на програмата за уредување, каде што се додадени улици. А во оваа измена на прогрмата за уредување се додадени и сумите бидејќи се прави ребаланс на буџетот. Конкретно измената за која се дискутира се однесува на зголемување на сумата на експопријацијата каде сумата изнесува четири ипол милиони денари. Бидејќи се менува износот во оваа програма ќе се измени и сумата во измените на буџетот.

Претседателот на Совет го повика раководителот на секторот за уредување на градежно земјипте да ја објасни програмата и измените.

Зема збор Зорица Китанова - раководител на Секторот за уредување на градежно земјиште која посочи дека програмата во однос на финансиите има неколку ставки, се зголемува за седум милиони денари за итни интервенции и фекални канализации, била осумнаесет милиони и седумстотини иљади денари, сега ќе биде дваесет и пет милиони и седумстотини иљади денари. Се зголемува за четири милиони денари делот за фасадите, лифтовите и крововите било двесет и четири милиони денари сега се дваесет и седум

милиони денари. Што се однесува до детските градинки и реконструкција биле предвидени милион и четиристотини иљади денари сега се дванаесет милиони и триста иљади денари, зголемени се десет милиони и деветстотини иљади денари - појаснување парите кои се доделени од Влада од минатата година сега се ставени во буџетот и затоа е тоа зголемување, од кои 9 милиони и деветстотини иљади денари се владини пари а од буџет се само еден милион денари. Тој милион денари е за подготовка на проекти. За асфалтирње на ударни дупки се предвидени четири милиони и петстотини иљади денари. На минатата седница измената на програмата била за фекална и атмосферска канализација на крак од улица Ванчо Мицков, за тоа се предвидени околу милион и двесте иљади денари. Се врши намалување од три милиони и сто на милион и петстотини иљади денари кај паркинзите. Експропријацијата на патот била предвидена од три милиони денари сега четири милиони и петстотини иљади денари. За реконструкција на детски и спортски игралишта во основните улилишта се предвидени четири милиони и сто иљади денари. За одржување на згради на училишни објекти - ООУ Лазо Трпковски, ООУ Владо Тасевски и ООУ Братство предвидено е зголемување за девет милиони денари, било тринаесет милиони денари сега се предвидени дваесет и два милиони денари. И за експропријацијата која не е предвидена како податок плус милион ипол, вкупно четири ипол милиони денари.

Зема збор членот на Советот Славко Митевски кој праша дали биле предвидени три милиони за експропријација и дали имаат инфромација по квадрат колку чини експропријацијата?

Градоначалникот одговори дека паушално се ставени три милиони денари да се најдат за експопријација но само оваа експопријација чини четири ипол милиони денари. Со Уредба на Влада се пресметува колку чини експопријација. Конкретно на таа улица има само малку приватно земјиште. По квадрат за експопријација мислат дека чини четиринаесет иљади денари, но секако тоа е согласно Уредбата на Влада на РСМ, за тоа не одлучува Општина Карпош. Таа постапка ја води Министерство за финансии. Општина Карпош добива само решение за исплаќање. Кога земјиштето се трансформира од приватно во државно и од државно во приватно, Министерство за финансии е вклучено во целата постапка.

Зема збор Градоначалникот, при шо појасни дека оваа и следната година, Опптина Карпош има намера сите училишта кои останале да се искречат и

доколку имаат одредени проблеми да се санираат и реконструираат.
Доколку имаат проблеми со кров, со тоалети и сл. да се решат сите проблеми.
Сега се подготовува проект за санација на кровот на детската градинка „Распеана Младост“ и практично веќе нема да има ниту еден училишен објект и детска градинка со азбесни кровови.

Кај спортските терени има многу добар ефект со поставување на вештачка трева, би било штета доколку не се направат сите спортки терени со вештачка трева. Од светска банка инвестираа во правење на улицата Есперанто и улицата Бледски Договор, со остатокот од парите идеата е да се направи и улицата Јуриј Гагарин. Градоначалникот потенцираше дека ќе се подготвуваат проекти за финансиите кои ќе ги доделува Владата идната година, споделена е информација дека ќе се добијат средства во износ две стотини евра по жител. Ги повика и членовите на Советот да размислат за проекти со кои ќе може да се конкурира за да се добијат средства идната година од Владата.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, Претседателот на Совет го затвори претресот и предлог - точката со измената ја стави на гласање.

По спроведеното гласање со 15 гласа ЗА, нема ПРОТИВ и 1 глас ВОЗДРЖАН, е усвоена Предлог -Програма за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на територијата на Општина Карпош за 2024 година,

3. **Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на културата за 2024 година,**

Претседателот на Совет констатираше дека Комисијата за култура при Советот на Општина Карпош, не се одржала поради немање кворум за работа.

Претседателот на Совет отвори расправа по предлог - точката на дневниот ред.

Зема збор член на Советот Славко Митевски кој истакна дека измената на оваа програма се врши само за одобрување средства за 40 годишнината на групата

"Меморија" во износ од двесте педесет илјади денари. Парите се бараат за озвучување и осветлување. Основна дејност на Петар Георгиевски е изнајмување на осветлување и изнајмување. Според Митевски не е во ред да се издвојат толку средства за таа намена, потенцирајќи дека на членовите на Совет е оставено самите да одлучат дали е во ред да му се доделат пари на човек кој сам на себе ќе го изнајми озвучувањето и осветлувањето.

Зема збор член на Советот Татјана Стојановска која смета дека ваков вид внесување на индивидуални активности во програми, како што беше и изложбата на фотографии треба да поминат во рамки на некој конкурс за проекти па врз основа на тоа да се доделуваат средства. Исто така има прашање дали се реализирала изложбата на фотографии бидејќи нема добиено покана на што веднаш доби одговор дека одлуката не е реализирана. Стојановска смета дека секоја индивидуална активност треба да оди преку проекти а за оваа точка нема да гласа „ЗА“.

Зема збор член на Советот Добрила Андоновска која постави прашање до членот на Советот Славко Митевски, како човек од културата кој има познавање во музиката, колку такви личности познава кои слават 40 - годишнина? Андоновска истакна дека скоро присуствувала на прослава на 30 - годишнина на Синтезис во Филхармонија. Сето тоа се одржува благодарејќи на спонзорства.Филхармонија е таа која го спонзорирала настанот и го отстапила просторот за одбележување на годишнината. Андоновска постави прашање дали Митевски смета дека на една група која постои 40 години, без оглед која и да е, не треба да и се помогне за одбележување на 40 - годишнина?

Во однос на исказот на Стојановска, Андоновска не се согласува и ги потсети членовите на Советот дека минатата година изгласале средства за спортски клуб Карев без конкурс, само затоа што член на Советот тоа го побарал, бидејќи деца на членови на Советот и други политичари играат фудбал во тој спортски клуб. Андоновска истакна дека никој нема ништо против, но која е разликата меѓу групата Меморија и спортскиот клуб Карев кога ниту тие не учествувале на конкурс. Групата Меморија сега решиле да организираат, сега обезбедуваат средства, и ако членовите на Советот сметаат дека е голема сума нека не гласаат. Андоновска истакна дека таа ќе гласа „ЗА“.

Земаа збор од службите, кои потенцираа за што ќе бидат наменети средствата, од кои дел се за изнајмување на сала, дел за трошоци за превоз на опрема,

медицински лица и друга потребна организација околу организирањето на тој настан.

Постави прашање член на Советот Татјана Стојановска, зошто Општина Карпош треба да издвои средства, кога Меморија е скопски бенд?
Доби одговор од службите дека барателот е жител на Општина Карпош.

Зема збор Градоначалникот на Општина Карпош кој истакна дека голем дел од општините ќе го поддржат овој проект. Кога се повикуваат изведувачи од екс ју простори се добиваат критики зошто нашите изведувачи не се поддржуваат, Ова е поголема манифестација која ќе се одржи во СЦ Борис Трајковски, на територија на Општина Карпош и Градоначалникот смета дека треба да се поддржи овој предлог. Трошоците за овој настан се навистина големи, само салата е дванаесет илјади евра.

Зема збор Претседателот на Советот Бранко Ристов, кому групата лично не му се допаѓа но истакна дека Меморија и други групи се дел од историјата на нашата држава и како такви општината треба да стимулира и да даде поддршка. Лично се надева дека и други групи ќе аплицираат кои се подеднакво легендарни.

Зема збор член на Советот Адријана Јакимовска Панчевска која побара да се зголеми сумата на триста илјади, односно петстотини илјади денари.

Зема збор член на Советот Зоран Краљевски, кој го поддржува предлогот на Адријана Јакимовска Панчевска за износ од триста илјади денари.

Зема збор член на Советот Славко Митевски кој изјави дека членовите на Советот се несериозни, во смисла минатата седницане гласале да се одобрат средства за екскурзии на деца кои не можат да си дозволат, за сега на комерцијален концерт да се зголемува буџетот од двесте педесет илјади денари на триста илјади денари.

Зема збор Градоначалникот, кој истакна дека сега се одобруваат девет милиони денари за образование, дали се средства за ужинки, за екскурзии, за

стипендии, за училишна лига, за деца се одвојуваат дваесет и пет милиони денари. Градоначалникот изјави дека на крајот одлучуваат членовите на Советот, тој како предлагач ја предложува сумата од двесте педесет илјади денари.

Претседателот на Совет, дефинираше дека на крајот има еден амандман на зголемување  на сумата на петстотини илјади денари, што Градоначалникот категорично го одби.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот на Совет го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

По спроведеното мислење со 7 гласови ЗА, 2 гласови ПРОТИВ, 4 гласови ВОЗДРЖАНИ, не се усвои Предлог – Програмата за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на културата за 2024 година,

4. **Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на спортот за 2024 година,**

Претседателот на Совет, отвори расправа по предлог - точката на дневниот ред. Претседателот на Совет соопшти дека комисијата за спорт се одржала но претседателот на комисијата не е присутен на седницата. Побара дали има некој од останатите членови на комисијата кои биле присутни на седницата, да даде извештај. Бидејќи никој не се пријави ги повика службите да дадат образложение.

Зема збор претставник од службите, кој истакна дека измените во програмата за спорт се состои од две измени, едната измена се однесува на намалување на финансиите во училишни спортски игри од два милиони и петстотини илјади денари на два милиони и сто илјади денари. Втората измена се однесува на зголемување на средствата за спортските стипендии кај талентираните ученици од деветстотини илјади на деветстотини и дваесет и пет илјади денари.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот на Совет го затвори претресот и предлог - точката ја стави на гласање.

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

По спроведеното мислење со 16 гласови ЗА, нема ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ, се усвои Предлог – Програмата за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на спортот за 2024 година.

5. **Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на детска, социјална и здравствена заштита за 2024 година,**

Претседателот на Совет го повика претседавачот на Комисијата за јавни дејности Славко Митевски да даде извештај од седницата на комисијата.
Зема збор претседавачот на Комисијата за јавни дејности Славко Митевски и даде извештај од 36. седница на комисијата, која се одржа на ден 04.10.2024 година со 13 точки на дневен ред.

За првата точка од дневниот ред, комисијата се согласила да се изостави 13 точка од предлог измените на програмата, бидејќи членовите на комисијата биле на мислење дека тој предлог не припаѓа на оваа област. Конкретно се работи за барањето на пензионерите да им се дадат шестотини и дваесет илјади денари за да купат простор. Комисијата смета дека таа точка нема врска со социјала и побара да се отфрли таа точка од програмата. За точките од 2-7, едногласно се усвоиле а за точките од 8-11 се гласаше со 2 гласа ЗА и еден глас ВОЗДРЖАН и за точките 12 и 13 се гласаше со 1 глас ЗА но тие се повлечени од дневниот ред, така што не е релевантно.

Претседателот на Совет, отвори расправа по предлог - точката од дневниот ред.

Зема збор членот на Советот Татјана Стојановска која истакна дека токму затоа процедурално поставила прашање во која програма спаѓа точката за пензионерите, од причина што таа е член во Комисијата за еднократна финансиска помош и на седницата на Комисијата за финансии единствена програма што ги добила сите гласови ЗА е токму оваа програма но не се спомнало дека дел од измените на програмата за детска социјална и здравствена заштита е токму и оваа точка за пензионерите.

Стојановска смета дека Програмата за детска социјална и здравствена заштита ја промовира Општина Карпиш како хумана и социјална, давање средства на луѓе на кои навистина им треба. Наградата за новороденчиња исто така многу добар потег. Но ако ставката за пензионерите останува дел од програмата на Стојановска и претставува проблем при гласање ЗА за истата.

Зема збор Претседателот на Советот, во однос дали е коректно точката да биде дел од оваа програма, лично смета дека меѓугенерациска солидарност е во ред да биде како социјална мерка. Не се работи за купување на деловен простор, тие имаат купено деловен простор, туку бараат финансиски средства за да платат данок. Данокот изнесува околу  триесетинс илјади евра а тие бараат како помош десет илјади евра. Претседателот на Совет потенцираше дека Општината покрива неколку простории за пензионерите да имаат каде да се сретнуваат. Доколку се изгласа оваа точка, смета дека општината не треба веќе да им покрива простории освен деловите кои што се потешки за стигнување и не се поврзани со автобуски линии.

Зема збор Градоначалникот, кој истакна дека девет илјади пензионери има на територија на Општина Карпош. Луѓето овие пари ги собирале со децении. Неколку години наназад, молат за простор да најдат, да можат да купат. Бараката во која сега се сместени, позади центарот за социјални работи Карпош, поранешно Младост, тоа е објект од времен карактер и тој дел се денационализира. Кога тогаш ќе мора да се дислоцираат.

Градоначалникот истакна дека луѓето купуваат 250 м2, каде што ќе има неколку канцеларии, простории за активности, за дружење итн. Ред е да им се помогне. Тоа се наши пензионери и нема зошто да не бидат во оваа програма. Пензиските фонд влегува под социјалната заштита. Тоа се наши родители, наши дедовци, наши баби, жители на Општина Карпош. Кога Општината ќе се исели во новата општинска зграда, едната барака ќе се даде на "Цветан Димов".

Членот на Советот Татјана Стојановска постави прашање колку здруженија има и дали ова е единствено здружение?

Градоначалникот одговори дека постои уште едно здружение на пензионери, но ова здружение кое е барател со децении собирале пари за да си обезбедат деловен простор. Зошто Општина Карпош да не помогне?

И другото здружение да побара средства ако се може ќе му се помогне. Градоначалникот смета дека треба да се поддржи оваа точка и да им се одобрат средствата.

Зема збор член на Советот Славко Митевски, кој смета дека бидејќи постојат две пензионерски друштва, тотално е не фер едното да се дискриминира, средства да се дадат само на едното друштво. Програмата е малку злоупотребена бидејќи советничката група на Левица не е за оваа точка и поради неа нема да се изгласаат и останатите точки од програмата за кои тие се ЗА. Митевски предложи ако може овој предлог да се издвои како посебна точка и како таква да се гласа, за да не испадне дека нема да помиме цела програма.

Зема збор член на Советот Добрила Андоновска која посочи дека по игра на случајност, ненамерно, има привезок од пензионерско друштво Карпош, здружение на пензионери Карпош кое постои од 05.01.1978 година. Андоновска е член на тоа здружение, иако пензионер е пет ипол години. Првенствено треба да им се оддаде почит на сите тие луѓе таму кои ги чувале тие пари и не ги потрошиле.

Истите тие пари кои ќе ги инвестираат во простор може да ги потрошат на забави, на прошетки, на екскурзии, на шопинг, во Солун, во Врање, во Белград итн. Демографски Карпош е стара Општина. Мала надеж е фактот што оваа година има зголемен број на новороденчиња во Карпош. Во бараката каде што се состануваат/собираат, има луѓе од различни возрасти, од луѓе по 90 години кои одат да се дружат, група луѓе кои играат шах, постои хор кој што е многу активен и полн со ентузијазам.

Во однос на другиот дел од оваа точка, Андоновска истакна дека Општина Карпош е единствена од 2002 година која одвојува средства за еднократна парична помош. Оваа година е помогнато на 311 жители на Општина Карпош, тоа се 311 семејства. Секој што поднел барање, секој што ги исполнил условите за документација, секому се помогнало. Андоновска посочи дека Програмата е детска, здравствена и социјална заштита, и не може да се води грижа за

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

новороденчиња и социјални лица а да не се води грижа за возрасните кои ги има најмногу во Карпош.

Зема збор член на Советот Ивана Петковска која посочи дека што се однесува на плаќање на данокот, здружението на пензионери треба да се исконсултираат со правници бидејќи во практика данокот го плаќа тој што продава. Тоа е информација која Петковска ја добила пред неколку денови.

Зема збор Градоначалникот кој одговори на Петковска дека тоа е откако постои државата по закон, но практика е данот да го плаќа купувачот. Луѓето ќе го купат просторот без оглед дали ќе помогне општината или не, се работи само за гест, дали ова ќе го подржат или не членовите на Советот. Во минатото на двете здруженија секоја година Општина Карпош им доделувала по триста илјади денари. Сега не им се делат средства бидејќи општината има помалку пари. Градоначалникот истакна дека се работи за конкретен проект, наменски. Ако се води сметка за сите зошто да не се води сметка и за пензионерите.
Градоначалникот даде предлог да се одвои оваа точка посебно да се гласа од програмата па секој да ја изрази својата волја.

Претседателот на Совет предложи да се гласа вадење на ставката за пензионерите од програмата.

Членовите на Советот побараа пауза.

Претседателот на Совет даде пауза.

По паузата, претседстелот на Совет констатираше дека сите присутни се во салата и може да се продолжи со седницата.

Претседателот на Совет зема збор и појасни дека најлесно е да се даде целата измена на програма на гласање и тие што нема да гласаат ЗА да се обвинат дека НЕ гласаат за новороденчиња итн. Претседателот на Совет изјави дека по кратка координација со Градоначалникот, одлучено е да се даде прилика сите членови на Советот да ја изразат својата волја за програмата и поединечно за ставката за која некои од членовите од Советот имаат проблем.

Претседателот на Совет предложи да се симне ставка 13 од програмата, да се одлучува по нејзе накнадно ако прифаќа Градоначалникот ако не го прифати

амандманот, Претседателот на Совет инсистира да се гласа дали да остане ставката во програмата или да се отстрани од програмата.

Претседателот на Совет ги праша членовите на Советот дали им е јасно, на што тие одговорија дека не им е јасно што ќе гласаат.

Претседателот на Совет повторно им даде објаснување на начин што посочи дека тој предложува да се извади ставка 13 од програмата, ако Градоначалникот прифати тогаш ќе се гласа измената на програмата без таа ставка, ако Градоначалникот не прифати да се отстрани ставка 13, тогаш тој инсистира да се гласа ЗА отстранување или да остане ставката во програмата.

Градоначалникот изјави дека амандманот се одбива.

Зема збор член на Советот Невена Георгиевска која изјави дека не и е јасно зошто Градоначалникот предложил да се тргне таа ставка а сега го одбива амандманот. На овој начин членовите на Советот се условени да не гласаат програма за една точка.

Претседателот на Совет, ја корегираше Георгиевска, посочувајќи дека буквално оваа опција е предложена за никој од членовите да не биде во ситуација да не гласа програма за една ставка. Деловнички членовите на Советот ќе гласаат дали ставката да се тргне или да остане во програмата. Ако има доволно гласови да се тргне ставката, ќе се тргне ставката и програмата ќе има доволно гласови, ако не се тргне ставката значи пак ќе остане целата програма за гласање.

Членот на Советот Невена Георгиевска, посочи дека што се однесува на прашањето зошто да не им се дадат парични средства на пензионерите кои што штеделе, се работи за простор од 250м2 кој воопшто не е мала површина. Од пензионерите во Карпош кои што Георгиевска ги познава, од 6-7 жени пензионерки само една е член во пензионерско здружение. Останатите пензионери времето го трошат на прошетки покрај кеј и надвор.

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

Пред една година Георгиевска во програмата за спорт, предложила сума од педесет илјади денари за раздвижување на пензионери во две групи во парковите во Карпош, некои од тие пензионерски друштва се изјасниле дека не им требало тоа. Георгиевска е повеќе пензионерите да се движат и рекреираат надвор отколку да се затвораат во една соба. Георгиевска како вработена во софтверска фирма, потенцира дека софтверските компании не купуваат недвижнини, туку изнајмуваат деловни простори. Кога профитабилни фирми се одлучуваат да изнајмуваат простор на Георгиевска не и е јасно потребата на пензионерите да купат деловен простор и уште Општина Карпош да им плаќа за тоа. Георгиевска се согласува со изјавата на Петковска дека тој што продава по закон тој плаќа данок, но во пракса данокот го плаќа купувачот за побрзо да ја заврши постапката.

Зема збор Градоначалникот, кој и одговори на Георгиевска на начин што ја праша дали смета дека просторот е торта кој може да се исече колку што сака. Градоначалникот појасни, при купување, цената ти одговара или не ти одговара, местоположбата ти одговара или не ти одговара. Местоположбата им одговарала, а нето цена изнесува 1270 денари квадрат. На територија на Општина Карпош таква цена за таков простор не може да се најде. Може да се најде помал простор но цената ќе биде повисока. Ако се прашува Градоначалникот, најдобар избор за пензионерите е да ги вложат парите купувајќи акции па секоја година да земаат дивиденда. Но психологијата на пензионерите е поинаква, тие мислат дека треба да си купат нешто и тоа да им остане трајно.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот на Совет го затвори претресот и пред се го стави на гласање предлогот за измена на измената на програмата поточно – на гласање го стави предлогот за симнување на ставката 13 од предлог - програмата.

По спроведеното гласање со 4 гласови ЗА, 9 гласови ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ, не се усвои предлогот за измена на измената, затоа Претседателот на Совет ја стави на гласање целосната предлог - програма.

По спроведеното гласање со 12 гласови ЗА, 3 гласови ПРОТИВ, 1 глас ВОЗДРЖАНИ, се усвои предлог – програмата за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на детска, социјална и здравствена заштита за 2024 година.

6. **Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на образованието за 2024 година**

Претседателот на Советот отвори расправа по предлог - точката од дневниот ред.

Бидејќи никој не се јави за збор, претседателот на Совет го затвори претресот и предлог - точката ја стави на гласање.

По спроведеното гласање со 13 гласови ЗА, нема ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ, се усвои предлог програмата за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на образованието за 2024 година.

7. **Предлог-Програма за изменување на Програмата за одбележување на 48-годишнината од формирањето на Општина Карпош**

Претседателот на Советот отвори расправа по предлог - точката од дневниот ред.

Зема збор член на Советот Невена Георгиевска која истакна дека сака да добие информации за ставките колку пари одат, колку пари одат на сместување, колку пари одат на манифестации итн. Таква финансиска конструкција немало во пред програмата

Од службите земаа збор и дадоа одговор дека таков вид на информации, колку чини сместување, манифестациии итд, ќе добијат откако ќе заврши денот на Општината. Ќе се подготви Извештај бидејќи однапред не се знае колку гости ќе дојдат и колку ќе изнесуваат трошоците. Потребата од зголемување на средствста во програмата е желбата како сите останати општини, така Општина Карпош да организира еден поголем настан, концерт на некое позвучно име кој што ќе биде од отворен карактер за

граѓаните. Не значи дека ќе се потрошат сите средства. Сумите одат преку тендер, еден е тендер за хотелско угостителски услуги кој мора да се потроши за денот на Општината, тој е на договор на година дена, сите потреби понатака одат од истиот. Извештај секако ќе се добие откако ќе заврши, точно да се види колку гости дошле и колку се потрошило за спиење, за ручеци и сл. Од понудите што се добиваат се гледа да се прифати најевтината и најповолната да се профати.

Бидејќи никој не се јави за збор, претседателот на Совет го затвори претресот и предлог - точката ја стави на гласање.

По спроведеното гласање со 12 гласови ЗА, 3 гласа ПРОТИВ, 1 глас ВОЗДРЖАН, се усвои предлог - програмата за изменување на Програмата за одбележување на 48-годишнината од формирањето на Општина Карпош.

8. **Предлог-Правилник за изменување на Правилникот за условите, критериумите, видот и начинот на финансиска поддршка за поправка и санација на кровни покривачи на станбени згради за колективното домување и замена на азбестни кровни покривачи на индивидуални станбени објекти (куќи) во Општина Карпош за 2024 година**

Претседателот на Советот отвори расправа по предлог - точката од дневниот ред.

Бидејќи никој не се јави за збор, претседателот на Совет го затвори претресот и предлог - точката ја стави на гласање.

По спроведеното гласање со 15 гласови ЗА, нема ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ, се усвои предлог – Правилникот за изменување на Правилникот за условите, критериумите, видот и начинот на финансиска поддршка за поправка и санација на кровни покривачи на станбени згради за колективното домување и замена на азбестни кровни покривачи на индивидуални станбени објекти (куќи) во Општина Карпош за 2024 година

9. **Предлог- Правилник за изменување на Правилникот за условите, критериумите, видот и начинот на финансиска поддршка за поправка и санација на постоечки лифтови и поставување нови**

**лифтови на станбени згради за колективното домување во Општина Карпош за 2024 година**

Претседателот на Советот отвори расправа по предлог - точката од дневниот ред.

Бидејќи никој не се јави за збор, претседателот на Совет го затвори претресот и предлог - точката ја стави на гласање.

По спроведеното гласање со 15 гласови ЗА, нема ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ, се усвои предлог - Правилникот за изменување на Правилникот за условите, критериумите, видот и начинот на финансиска поддршка за поправка и санација на постоечки лифтови и поставување нови лифтови на станбени згради за колективното домување во Општина Карпош за 2024 година.

10. **Предлог-Буџет за изменување и дополнување на Буџетот на Општина Карпош за 2024 година**

Зема збор Мирјана Ѓоргиевска - раководител на секторот за финансии која изјави дека се што досега се дискутирало се вусшност измените за кои се прави ребаланс на Буџетот. Потребата од правење на овој ребаланс прозлегува од законската обврска од 2022 година, општините да прават ребаланс после третиот квартал односно ако општината има реализација од 75 % на остварените приходи треба да се прави ребаланс. Општина Карпош оваа година како и претходните години го остарила приходот над 75% и Министерството за финансии дозволило Општината да направи ребаланс. Оваа година ребалансот е 15%, 15% било и зголемувањето на почетокот на годината, бидејќи Буџетот се прави врз основа на просекот на приходите остварени од три години плус 15%. За наредната година Буџетот може да биде малку помал затоа што ма почетокот ќе биде 10% зголемувањето а во септември со третиот квартал ќе дозволат 20% зголемување. До крајот на годината не се знае дали ќе се потрошат сите средства. И за наредна година, уште поголема сума. Како финансиери предлог е да се разговара со Министертвото за финансии да се дадат тие 30% уште во јануари за да се

предвидат сите активности кои ги извршува општината. Вака периодот е многу краток, минатата годинс ребалансот се правел во месец ноември и не постоела можност да се потрошат сите средства до крајот на годината.

Што се однесува до ребалансот како што веќе напомена Ѓоргиевска, измените се согласно законската обврска, намалувањето на ДДВ-то кор што следи на општината и зголемувањето на блок дотациите кои што ги даваат министерство за образовсние и министерство за труд и социјала што се што се однесуваат на училиштата и детските градинки. Основниот буџет, што се направи еден мал ребаланс во јули од милијарда двеста девет милиони четиристотини педесет и една илјада денари се зголемил сега на милијарда четиристотини и педесет милиони шестотини и деведесет илјафи денари, тоа е консолидирсниот буџет, додека буџетот на општината од петстотини деведесет и четири милиони двестотини и триесет и шест илјади денари се зголемил на седумстотини и пет милиони осум стотини и триесет и една илјада денари. Зголемувањата се пред се кај даночните приходи од петстотини дванаесет милиони се зголемени на шесто и еден милион денари. Зголемена е комуналната такса на јавно осветлување, од педесет и седум се очекува до крајот на годината да се добијат педесет и девет милиони денари. Надоместокот за уредување на градежно земјиште е зголемено од сто деведесет милиони на двеста шеесет и седум милиони но тука ќе се вклучат и милион ипол денари кои дополнително се изгласаа во предлог – програмата за изменување и дополнување на програмата за уредување на градежно земјиште. Кај капиталните приходи нема никаква измена, остануваат четиринаесет и петстотини илјади денари бидејќи нема изгласана програма за располагање со градежно земјиште. Кај трансфери и донација се зголемуваат од педесет и пет милиони на седумдесет и четири милиони денари. Што се однесува кај приходите кај самофинансирачките активности износот од седумдесет и три милиони деветсто педедет и осум илјади денари се зголемува на седумдесет и девет милиона триста четириесет и четири илјади денари. Кај блок – дотациите од петстотини девесет и шест милиони двеста деведесет и девет илјади денари се зглемуваат на шесто триесет и четири милиони денари. Што се однесува на програмите, Во програмата А0-Совет на општина вкупната сума е намалена од износ 51.270.000,00 денари на износ од 50.770.000,00 денари, намалувањето е на ставка Отплата на главнина кон домашни институции бидејќи кредитот што го отплаќа општината кон деловните банки предвремено е исплатен целиот износ на кредит. Во програмата Д0-Градоначалник вкупната сума е зголемена од износ 6.926.000,00 денари на износ од 8.126.000,00 денари, зголемувањето е на ставка разни трансфери

односно трансфери за пензионирање и други трансфери бидејќи од овие ставки се исплаќаат средства за пензионирање и посмртнина на вработените во основните училиштата и детските градинки . Во програмата ЕО-Општинска администрација се извршени следниве промени на расходните ставки, вкупната сума е зголемена од износ 203.435.000,00 денари на износ од 230.795.000,00 денари.Кај ставката 421 – Комунални услуги,греење комуникација и транспорт е извршено е зголемување на износот од 8.220.000,00 денари на износ од 9.120.000,00 денари. Зголемувањето е поради зголемени сметки за комунални услуги.Кај ставката 424 – Поправки и тековно одржување е извршено е зголемување на износот од 7.650.000,00 денари на износ од 8.050.000,00 денари. Зголемувањето на контото поради зголемување на контото поправка и сервисирање на возила.Кај ставката 427- Привремени вработувања извршено е зголемување на износот од 36.800.000,00 денари на износ 42.000.000,00 денари. Зголемувањето е поради реално пресметани плати и надоместоци и усогласувањето на плата на привремените вработени со законската плата и исплата на регрес за годишен одмор. Кај ставката 471- Социјални надоместоци извршено е зголемување на износот од 5.750.000,00 денари на износ 8.100.000,00 денари. Зголемувањето е поради зголемен износ за помош на новороденчиња како и зголемени средства за исплата на социјална помош . Во програмата ФА- Уредување на градежно земјиште (капитални трошоци) подпрограмата програмата ФАО- Уредување на градежно земјиште (капитални трошоци) извршено е зголемување на ставката за изградба на инфраструктурни објекти за фекална и атмосферска канализација согласно програмата за комунални работи. Во програмата ГД0 Проекти за енергетска ефикасност извршено е зголемување од износ 24.000.000,00 денари на износ од 28.000.000,00 денари. Извршено е зголемување на ставката за други трансфери (за исплата на средства за лифтови и кровови).

Во подпрограмата Ј00 – Одржување на урбана опрема вкупниот износ на оваа подпрограма е зголемен од износ 7.000.000,00 денари на 10.000.000,00 денари, поради зголемена потребата за тековно, редовно и уредно одржување на урбаната опрема на територијата на општината. Во подпрограмата Ј30 – Јавно осветлување вкупниот износ на оваа подпрограма е предвиден на износ од 18.000.000,00 денари се зголемува на 23.000.000,00 денари, се зголемуваат средствата за одржување на уличното светло согласно програма. Во подпрограмата Ј40 – Јавна чистота вкупниот износ на оваа подпрограма е зголемен за износ од 41.300.000,00 денари на износ од 49.000.000,00 денари, се потребни средства поради реално пресметани плати и надоместоци и усогласувањето на плата на привремените вработени со законската плата. Во подпрограмата Ј60 – Одржување и заштита на локални патишта вкупниот

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

износ на оваа подпрограма е зголемен од износ од 6.000.000,00 денари на износ 10.500.000,00 денари, поради тоа што се потребни средства за одржување на локалните патишта на територијата на општината. Во подпрограмата ЈД0 – Изградба и реконструција на локални патишта и улици вкупниот износ од 21.519.000,00 се зголемува на износ од 25.819.000,00 денари. Промената е поради тоа што се потребни повеќе средства за реконструкција на улици и патишта.Во подпрограмата ЈЕО – Изградба на простор за паркирање вкупниот износ од 3.100.000,00 се намалува на износ од 1.600.000,00 денари. Промената е поради тоа што биле предвидени повеќе средства за изградба на простор за паркирање. Во подпрограмата К40– Културни манифестации и творештво износот од 3.800.000,00 денари се зголемува на износ од 4.100.000,00 денари поради тоа што се потребни повеќе средства согласно програмата за култура. Во подпрограмата ЛОО– Спорт и рекреација износот од 6.750.000,00 денари се намалува на износ од 6.550.000,00 денари поради тоа што се доволно предвидени средства согласно програмата за спорт.Во подпрограмата ЛАО– Спорт и рекреација капитални трошоци износот од 10.000.000,00 денари се зголемува на износ од 14.100.000,00 денари поради тоа што се потребни средства за изградба и реконструкција на детски игралишта .Во подпрограмата Н1О – Основно образование износот од 29.210.000,00 денари се зголемува на износ од 43.211.000,00 денари, поради зголемена потреба за одржување во основните училишта (варосување) и поради немање доволно средства за исплата на комунални услуги на основните училишта . Во подпрограмата ВАО –Детски градинки ( капитални расходи) износот од 11.300.000,00 денари се зголемува на износ од 13.900.000,00 денари, поради потребата за подготвување на проекти за изградба и рконструкција детските градинки.

Зема збор член на Советот Татјана Стојановска која изјави дека ја радува фактот дека Општина Карпош е една од најредовните во собирање на даноци и една од најбогатите општини, но за жал членовите на Советот си дозволуваат да гласаат програма за купување на приватен имот а треба да се работи за јавно добро, во ист момент кога минатата седница членовите на Советот одбија да гласаат за обезбедување на учениците во училиштата. Стојановска изјави дека ќе гласа ВОЗДРЖАНО за буџетот иако смета дека има добри елементи но за програмата за 48 годишнината сите размислуваат на јадење и пиење а нема една корпа за отпадок. Стојановска побара од Мирјана Ѓоргиевска една финансика анализа за општинската зграда колку средства до сега се потрошени.

Бидејќи никој не се јави за збор, претседателот на Совет го затвори претресот и предлог - точката ја стави на гласање.

По спроведеното гласање со 14 гласови ЗА, нема ПРОТИВ и 2 гласа ВОЗДРЖАНИ, се усвои предлог - буџетот за изменување и дополнување на Буџетот на Општина Карпош за 2024 година.

Претседателот на Советот даде предлог наредните 5 точки заеднички да се расправаат а поединечно да се гласаат. Предлогот беше едногласно усвоен.

Претседателот на Совет отвори расправа по предложените точки.
Бидејќи никој не се јави за збор, ги стави на гласање секоја точка поединечно.

11. **Предлог-Мислење на Програмата за изведување на ученички екскурзии и други ученички активности во ООУ „Вера Циривири Трена “, Општина Карпош-Скопје за 2024/2025 година**

По спроведеното гласање со 22 гласови ЗА, нема ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ, едногласно се усвои предлог – Мислењето на Програмата за изведување на ученички екскурзии и други ученички активности во ООУ „Вера Циривири Трена “, Општина Карпош-Скопје за 2024/2025 година.

12. **Предлог-Мислење на Програмата за изведување на ученички екскурзии и други ученички активности во ООУ „Владо Тасевски“, Општина Карпош-Скопје за 2024/2025 година**

По спроведеното гласање со 22 гласови ЗА, нема ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ, едногласно се усвои предлог – Мислењето на Програмата за изведување на ученички екскурзии и други ученички активности во ООУ „Владо Тасевски“, Општина Карпош-Скопје за 2024/2025 година

13. **Предлог-Мислење на Програмата за изведување на ученички екскурзии и други ученички активности во ООУ „Којдан Чернодрински“, Општина Карпош-Скопје за 2024/2025 година**

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

По спроведеното гласање со 22 гласови ЗА, нема ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ, едногласно се усвои предлог – Мислењето на Програмата за изведување на ученички екскурзии и други ученички активности во ООУ „Војдан Чернодрински“, Општина Карпош-Скопје за 2024/2025 година.

14. **Предлог-Мислење на Програмата за изведување на ученички екскурзии и други ученички активности во ООУ „Јан Амос Коменски“, Општина Карпош-Скопје за 2024/2025 година**

По спроведеното гласање со 22 гласови ЗА, нема ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ, едногласно се усвои предлог – Мислењето на Програмата за изведување на ученички екскурзии и други ученички активности во ООУ „Јан Амос Коменски“, Општина Карпош-Скопје за 2024/2025 година.

15. **Предлог-Мислење на Програмата за изведување на ученички екскурзии и други ученички активности во ООУ „Лазо Трповски“, Општина Карпош-Скопје за 2024/2025 година**

По спроведеното гласање со 22 гласови ЗА, нема ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ, едногласно се усвои предлог - Мислењето на Програмата за изведување на ученички екскурзии и други ученички активности во ООУ „Лазо Трповски“, Општина Карпош-Скопје за 2024/2025 година

Претседателот на Советот даде предлог наредните 4 точки заеднички да се расправаат а поединечно да се гласаат. Предлогот беше усвоен со 16 гласови ЗА.

Претседателот на Совет отвори расправа по предложените точки.
Бидејќи никој не се јави за збор, ги стави на гласање секоја точка поединечно.

16. **Предлог-Одлука за давање согласност на одлуката за утврдување на цената на услугите за престој во ЈУОДГ „Мајски Цвет“ Општина Карпош Скопје**

По спроведеното гласање со 12 гласови ЗА, 3 гласа ПРОТИВ, 1 глас ВОЗДРЖАН, усвоен предлог – Одлуката за давање согласност на одлуката за утврдување на цената на услугите за престој во ЈУОДГ „Мајски Цвет“ Општина

Карпош Скопје.

17. **Предлог-Одлука за давање согласност на одлуката за утврдување на цената на услугите за престој во ЈУОДГ „Орце Николов“ Општина Карпош Скопје**

По спроведеното гласање со 12 гласови ЗА, 3 гласа ПРОТИВ, 1 глас ВОЗДРЖАН, усвоен предлог – Одлуката за давање согласност на одлуката за утврдување на цената на услугите за престој во ЈУОДГ „Орце Николов“ Општина Карпош Скопје.

18. **Предлог-Одлука за давање согласност на одлуката за утврдување на цената на услугите за престој во ЈУОДГ „Пролет“ Општина Карпош Скопје**

По спроведеното гласање со 12 гласови ЗА, 3 гласа ПРОТИВ, 1 глас ВОЗДРЖАН, усвоен предлог - Одлуката за давање согласност на одлуката за утврдување на цената на услугите за престој во ЈУОДГ „Пролет“ Општина Карпош Скопје.

19. **Предлог-Одлука за давање согласност на одлуката за утврдување на цената на услугите за престој во ЈУОДГ „Распеана Младост“ Општина Карпош Скопје**

По спроведеното гласање со 12 гласови ЗА, 3 гласа ПРОТИВ, 1 глас ВОЗДРЖАН, усвоен предлог - Одлуката за давање согласност на одлуката за утврдување на цената на услугите за престој во ЈУОДГ „Распеана Младост“ Општина Карпош Скопје.

По исцрпување на точките од дневниот ред, Претседателот на Советот ја затвори 53. редовна седница на Советот на Општина Карпош која заврши во 11:52 часот.

Изработиле:
Јелена Цветковиќ
Томче Панчевски

Број: 09-8489/7
Датум: 02.12.2024 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА
Бранко Ристов